УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр. 6/40 од 26.4.2022 год.

Врз основа на член 172 и 173 од Законот за високото образование (Сл.весник бр.82/2018), член 44 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), како и член 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на 13. седница одржана на 26.4.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
за избор во наставно научно звање

I. **Д-р Александар Петровски** се избира во наставно научно звање вонреден професор на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за група предмети од наставно-научната област: архитектонски конструкции-20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118, на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно -научни звања за група предмети од наставно-научната област: архитектонски конструкции-20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118, на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 11-12.12.2021 година во дневните весници “Слободен печат” и “Коха”, се пријави еден кандидат, доц. д-р Александар Петровски.

Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 08-6/255 од 23.12.2021 година, подготви Реферат за пријавениот кандидат со предлог за избор во повисоко звање. Рефератот е објавен во Универзитетскиот гласник бр.1257 од 15.3.2022 година.
Согласно Рефератот на рецензентската комисија, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе одлука како во диспозитивот на Одлуката.

Д е к а н,

Проф. д-р Огнен Марина

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Република Северна Македонија
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Архивата
- Именуваниот
- Сметководството
- Човечки ресурси